РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр. 08-885/4
23.05. 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото Софтверско инженерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото Софтверско инженерство на Република Северна Македонија, на својата 57 седница одржана на 27.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Политички науки", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма „Политички науки", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран по Политички науки /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor in Political Sciences.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Начно – истражувачко поле: 507 Политички науки, Научно – истражувачка област: 50700 Политички науки, 50701 Политички системи, 50710 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 40 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 08-1771/7 од 06.07.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Политички науки", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за современи општествени науки, Универзитет на Југоисточна Европа, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-1771/4 од 16.06.2022 година (наш бр. 08 - 885/1 од 12.09..2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото Софтверско инженерство, орган на Агенција за квалитет во високото Софтверско инженерство, на 42-та седницата одржана на 14.09.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 885/3 од 03.05.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото Софтверско инженерство („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото Софтверско инженерство, на својата 57-та седница одржана на 27.04.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова